Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19,236/22) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 20 мај 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА МЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија издадена на Друштвото за изградба и управување со енергетски централи КЕР-АЗ ДООЕЛ Скопје („Службен весник на Република Македонија” бр.221/22) во Прилогот во точката 1 зборовите “ул. “Ристо Шишков” бр.38-1/1 Скопје-Центар” се заменуваат со зборовите “ул. “Мирослав Крлежа” бр.14/1-9 Скопје – Центар”.
2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши согласно известување за настанати промени во седиштето на Друштвото.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за изградба и управување со енергетски централи КЕР-АЗ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. “Мирослав Крлежа” бр.14/1-9 Скопје – Центар (во натамошниот текст: Друштво) на 13 мај 2024 година до Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Известување за настанати промени кај носител на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, УП1 бр.12-273/24 од 13 мај 2024 година, за настанати промени на седиште на Друштвото.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на седиштето.

Седиштето на Друштвото се менува од “ул. “Ристо Шишков” бр.38-1/1 Скопје-Центар” во “ул. “Мирослав Крлежа” бр.14/1-9 Скопје – Центар”.

Регулаторна комисија за енергетика во постапката по ова Известување го примени член 32 од Правилникот за лиценци.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-936/1 од 20 мај 2024 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 20 мај 2024 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за менување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија на Друштвото за изградба и управување со енергетски централи КЕР-АЗ ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр.12-273/24**
**20 мај 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**